Решението е правосилно
на ден 14.07.2015 год.
Датум на заверка 23.09.2015 год.

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
Бр.50-8659/1 од 28.05.2015 година
СКОПЈЕ

Постапувајќи по Известување на Комората на проценувачи на Република Македонија број 50-8002 од 12.05.2015 година за неплатена членарина за 2014 година на правното лице ТП ПРОЦЕНКА И КОНСАЛТИНГ Зорица Душан Михајлоска Тетово , врз основа на член 29 став 2, а во врска со член 29 став 1 алинеа 5 од Законот за процена (Службен весник на Република Македонија бр.115/10,158/11,185/11,64/12 и 188/14)) министерот го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е
## за одземање на лиценца

1. **СЕ ОДЗЕМА** Лиценцата за процена од областа на недвижен имот бр. 0068-Н од 06.02.2013 година издадена на правното лице **ТП ПРОЦЕНКА И КОНСАЛТИНГ Зорица Душан Михајлоска Тетово ,со седиште на ул.Борис Кидрич бр.31 Тетово, со ЕМБС 6843190,** согласно член 29 ств 1 алинеа 5 од Законот за процена.
2.Овластениот проценувач на кој му е одземена лиценцата од соодветната област, согласно член 29 став 1 алинеа 5 од Законот за процена не може да побара издавање на нова лиценца за проценувач од соодветната област три години од денот на правосилноста на решението за одземање на лиценцата, согласно член 29 став 10 од Законот за процена.
3. По правосиноста на решението за одземање на лиценца за процена, овластениот проценувач на кого му е одземена лиценцата се брише од Регистарот за процена на овластени проценувачи што го води Министерството за транспорт и врски, согласно член 30 став 1 од Законот за процена.
4.По правосилноста на решението за одземање на лиценцата за процена истото веднаш или во рок од 24 часа ќе биде доставено до Централниот регистар на Република Македонија и до Комората на проценувачи, согласно член 30 став 3 од Законот за процена.

## О б р а з л о ж е н и е

Комората на проценувачи до Министерството за транспорт и врски достави Известување број 50-8002 од 12.05.2015 година, за овластени проценувачи кои немаат платено членарина во Комората на проценувачи за 2014 година, со приложен табеларен

преглед на правните лица и тоа за ; овластениот проценувач **ТП ПРОЦЕНКА И КОНСАЛТИНГ Зорица Душан Михајлоска Тетово**, Трговец поединец Агенција за процена и вештачења на сообраќајни незгоди Кире Стрезо Николоски РОЛЕКС ВЕШТАЧЕЊА ТП Охрид и Друштво за консалтинг, судски вештачења и стечајни постапки ДКС ДООЕЛ Скопје.

Воедно за овластениот проценувач ТП ПРОЦЕНКА И КОНСАЛТИНГ Зорица Душан Михајлоска Тетово Комората на проценувачи достави и : Допис бр.03-243/1 од 15.04.2015 година, последна опомена за неплатена членарина за 2014 година, од Комора на проценувачи доставена до овластниот проценувач, Потврда за уредна достава за пратка од Комора на проценувачи на овластениот проценувач ТП ПРОЦЕНКА И КОНСАЛТИНГ Зорица Душан Михајлоска Тетово, извршена од Глобко Логистик доо Скопје и копија од испратен е-маил од Комората на проценувачии на одговорното лице на овластениот проценувач Зорица Михајлоска од 27.04.2015 година, со укажување на обврската за плаќање на членарината кон Комората на проценувачи.

По прегледот на приложената документација и Регистарот на овластени проценувачи кој го води Министерството за транспорт и врски, се констатира дека Министерството за транспорт и врски, како надлежен орган за издавање на лиценци за процена од областа на недвижен имот и транспортни средства му има издадено лиценца за процена од областа на недвижен имот бр.0068-Н од 06.02.2013 година на правниот субјект ТП ПРОЦЕНКА И КОНСАЛТИНГ Зорица Душан Михајлоска Тетово.

Во членот 29 во став 1 алинеа 5 од Законот за процена е уредено дека лиценаца се одзема ако овластениот проценувач уредно не ја плаќа членарината на Комората на проценувачи. Во ставот 2 од истиот член е уредено дека лиценцата со решение ја одзема надлежниот министер и во ставот 6 од истиот член е уредено дека по овој основ лиценцата се одзема во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето од Комората на проценувачи.

Согласно член 29 став 10 од Законот за процена, овластениот проценувач на кого му е одземена лиценцата од соодветната област согласно со член 29 став 1 алинеа 5. на овој член не може да побара издавање на нова лиценца за проценувач од соодветната област три години од денот на правосилноста на решението за одземање на лиценцата.

Согласно член 30 став 1 од Законот за процена министерот го брише од Регистарот за процена на овластени проценувачи што го води Министерството за транспорт и врски, овластениот проценувач на кого му е одземена лиценцата согласно член 29 од Законот за процена, по правосилноста на решението за одземање на лиценцата за процена.

Согласно член 30 став 3 од Законот за процена, по правосилноста на решението за одземање на лиценцата за процена министерот веднаш или во рок од 24 часа го доставува до Централниот регистар на Република Македонија и до Комората на проценувачи.

Имајќи го предвид горенаведеното се донесе Решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА : Против ова Решение незадоволната странка има право на тужба до Управен суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

МИНИСТЕР,
Владо Мисајловски

Изготвил:Александар Микевски
Одобрил: М-р Кујтим Зулбеари